**Јавно претпријатие**
**МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА**
**Скопје**

***ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ***
**за годината завршена на 31 декември 2012**

**со**

***ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР***

Друштво за ревизија ЦЕНСУМ ДООЕЛ Скопје

**СОДРЖИНА**

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ........................................................ 3

БИЛАНС НА УСПЕХ ........................................................................................ 6

БИЛАНС НА СОСТОЈБА ................................................................................ 7

ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ ..................................................... 8

ПРЕГЛЕД НА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ..................................................................... 9

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ...................................... 10 - 27

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## До Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје (Друштвото) коишто го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 Декември 2012 како и билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со законските прописи во Република Македонија и Меѓународните стандарди за финансиско известување. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола

релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Основа за мислење со резерва*

1. Градежното земјиште дадено пред многу години на користење на МРТ е во сопственост на РМ. Вредноста на земјиштето во времето на градење на објектите е внесена во сметководствената евиденција. Со промената на законската регулатива низ годините, земјиштето требало да се тргне од евиденција на основните средства на МРТ. Како што е наведено во белешка 9, градежното земјиште под објектите е со вкупна сметководствена вредност од 168.986 илјади денари. Започната е постапка за регулирање на имотно правните односи.

2. На сметка Основни средства во подготовка се наоѓа опрема набавена во 2008 година од Друштвото за Аудио видео инжинеринг ТСЕ ДОО Скопје во износ од 36.058 илјади денари. Износот претставува опрема од која поединечните компоненти се во употреба, а остатокот не е ставен во функција. Опремата сметководствено не е активирана, на износот не се пресметува амортизација. За опремата не била спроведена постапка за јавна набавка во 2008 и во документацијата односно во фактурите не постојат поединечни вредности за опремата. Претходните ревизорски извештаи укажуваат на потреба од проценување на сегашната вредност на опремата, но истото не е извршено. Ние не бевме во можност со примена на стандардни ревизорски процедури да ја утврдиме реалната состојба на оваа позиција. За оваа опрема во тек е судска постапка.

Друштво за ревизија **ЦЕНСУМ** ДООЕЛ Скопје

www.censum.com.mk

Член на ИОРРМ
Дозвола за работа издадена од Министерството за финансии на РМ на 21.10.2004
Уверенија за овластени ревизори број 44, 40, 101 и 143

*Мислење со резерва*

Според наше мислење, освен за можните ефекти од прашањата на кои се укажува во пасусот Основа за мислење со резерва, финансиските извештаи ја презентираат објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје заклучно со 31 декември 2012 година, како и на нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Дополнително:

Во ревизорскиот извештај за 2011 година за МРТ издадовме неповолно мислење. Основа за тоа беше прикажување на приходите по пресметковен принцип наместо по готовински принцип со примена на МСС 20. Оваа година, согледувајќи го потенцирањето на потребата од финансиска независност на МРТ, а во тој правец законската регулатива која ја дефинира радиодифузна такса како основен извор за финансирање на МРТ, го менуваме нашето мислење и потврдуваме исправност на усвоената сметководствена политика на пресметковна основа.

Нагласуваме дека со примена на пресметковна основа на сметководство, се појавуваат значителни износи на ненаплатените побарувања. Ненаплатените побарувања во наредните известувачки периоди се отпишуваат, а според даночната регулатива се непризнат трошок и основа за оданочување. Оданочувањето дополнително ја влошува ликвидноста на МРТ. Затоа, препорачуваме основачот на МРТ, Собранието на РМ, да ги разгледа можностите за измена на законска регулатива во областа на даноците, со цел отпишаните побарувања за Радиодифузна такса да не бидат предмет на дополнително оданочување со данок на непризнаени трошоци.

*Скопје, 4 април 2013 година*

Овластен ревизор
Стојан Јорданов

Друштво за ревизија ЦЕНСУМ
ДООЕЛ Скопје
управител
Стојан Јорданов



| | | | |
|---|---|---|---|
| Канцеларија 1 Скопје:<br>Ул. Даме Груев бр.8, 5ти кат<br>Дом на воените инвалиди<br>+389 (0)2 3233 301 Тел.<br>+389 (0)2 3233 302<br>+389 (0)2 3216 186 Факс<br>+389 (0)70 250 434 Моб.<br>stojan.jordanov@censum.com.mk<br>censum@censum.com.mk | Канцеларија 2 Скопје:<br>Бул. АСНОМ бр.64-3/1<br>+389 (0)2 2434 354 Тел.<br>+389 (0)72 204 115<br>+389 (0)78 214 415 Моб.<br>nebojsa.mladenovic@censum.com.mk | ЕМБС:<br>ДДВ број:<br>Денарска сметка:<br>Девизна сметка:<br>IBAN:<br>SWIFT:<br>Банка: | 5921333<br>MK4030004526679<br>210-0592133301-68<br>00-701-0003966.2<br>MK 07 210-3000003149-21<br>TUTNMK22<br>НЛБ Тутунска банка АД Скопје |

# БИЛАНС НА УСПЕХ

| | | Година завршена на 31-дек | |
|---|---|---|---|
| *(во илјади денари)* | Белешка | **2012** | **2011** |
| Приходи од продажба | 4 | 973,144 | 640,761 |
| Расходи на продадени добра и услуги | 5 | - | (26) |
| Трошоци на продажба и администрација | 6 | (821,853) | (669,759) |
| Останати приходи | 7 | 423,184 | 611,412 |
| Останати оперативни расходи | 7.1 | (382,984) | (63,901) |
| **Добивка од оперативно работење** | | **191,491** | **518,487** |
| Финансиски приходи | 8 | 11,908 | 19,126 |
| Финансиски расходи | 8.1 | (23,247) | (23,246) |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | **180,152** | **514,367** |
| Данок на добивка | | (35,752) | (1,465) |
| **Нето добивка/(загуба) за финансиска година** | | **144,400** | **512,902** |

Заменик извршен директор ___________________

Извршен директор ___________________

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | | Година завршена на 31-дек | |
|---|---|---|---|
| *(во илјади денари)* | Белешка | **2012** | **2011** |
| ***СРЕДСТВА*** | | | |
| **Долгорочни средства** | | **554,516** | **473,674** |
| Нематеријални средства | 9.1 | - | - |
| Материјални средства | 9.2 | 553,507 | 472,665 |
| Вложувања во недвижности | 9.3 | - | - |
| Долгорочни финансиски средства | 9.4 | 1,009 | 1,009 |
| Долгорочни побарувања | 9.5 | - | - |
| Одложени даночни средства | 9.6 | - | - |
| **Тековни средства** | | **996,580** | **542,702** |
| Залихи | 10.1 | 7,606 | 5,113 |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинато работење | 10.2 | - | - |
| Побарувања од поврзани друштва | 10.3 | 6,261 | 3,825 |
| Побарувања од купувачите | 10.4 | 607,983 | 436,981 |
| Побарувања од државата | 10.5 | 343 | 1,727 |
| Побарувања од вработените | 10.6 | 5,038 | 4,648 |
| Останати краткорочни побарувања | 10.7 | 648 | - |
| Краткорочни финансиски средства | 10.8 | - | - |
| Парични средства | 10.9 | 110,642 | 50,655 |
| Однапред платени трошоци | 10.10 | 258,059 | 39,753 |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | **1,551,096** | **1,016,376** |
| ***КАПИТАЛ И ОБВРСКИ*** | | | |
| **Капитал и резерви** | | **268,514** | **280,717** |
| Капитал на содружниците | | 421,271 | 421,273 |
| Ревалоризациони резерви | | - | - |
| Законски резерви | | 137,073 | 137,073 |
| Акумулирана добивка/(загуба) | | (434,230) | (790,530) |
| Добивка/(Загуба) за тековна година | | 144,400 | 512,901 |
| **Долгорочни обврски** | | **527,075** | **73,683** |
| Долгорочни резервирања | 11.1 | - | - |
| Долгорочни обврски | 11.2 | 527,075 | 73,683 |
| Одложени даночни обврски | 11.3 | - | - |
| **Тековни обврски** | | **755,507** | **661,976** |
| Обврски кон поврзани друштва | 12.1 | 614 | 144 |
| Обврски кон добавувачите | 12.2 | 430,678 | 435,594 |
| Обврски кон државата | 10.5 | 49,856 | 1,867 |
| Обврски кон вработените | 12.3 | 17,912 | 47,487 |
| Останати краткорочни обврски | 12.4 | 9,309 | - |
| Краткорочни финансиски обврски | 12.5 | 117,474 | 159,094 |
| Однапред пресметани обврски | 12.6 | 129,664 | 17,790 |
| ***ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ*** | | **1,551,096** | **1,016,376** |

Заменик извршен директор ___________________

Извршен директор ___________________

# ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ

| *(во илјади денари)* | Капитал | Останат капитал | Законски резерви | Акумули-рана добивка/ (загуба) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| ***2011*** | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **420,019** | **1,274** | **137,073** | **(790,530)** | **(232,164)** |
| Фонд за солидарност | | (20) | | | (20) |
| Нето добивка/загуба за годината | | | | 512,901 | 512,901 |
| **Состојба на 31 декември** | **420,019** | **1,254** | **137,073** | **(277,629)** | **280,717** |
| ***2012*** | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **420,019** | **1,254** | **137,073** | **(277,629)** | **280,717** |
| Фонд за солидарност | | (2) | | | (2) |
| Корекција на резултатот од претходни години | | | | (156,601) | (156,601) |
| Нето добивка/загуба за годината | | | | 144,400 | 144,400 |
| **Состојба на 31 декември** | **420,019** | **1,252** | **137,073** | **(289,830)** | **268,514** |

# ПРЕГЛЕД НА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ

| | *(во илјади денари)* | | 2012 |
|---|---|---|---|
| **А** | **Парични текови од оперативни активности** | | |
| | **Нето добивка пред оданочување** | **180,152** | |
| | Усогласувања за: | | |
| | Амортизација | 23,931 | |
| | Отпишани побарувања | 348,153 | |
| | Вредносно усогласување на залихи | 582 | |
| | Отпис на обврски | (33,890) | |
| | Приходи/расходи за камати, нето | 11,339 | |
| | **Оперативна добивка пред промени во обртниот капитал** | **530,267** | |
| | Намалување/(Зголемување) на залихите | (3,075) | |
| | Намалување/(Зголемување) на побарувања од поврзани друштв | (2,436) | |
| | Намалување/(Зголемување) на побарувања од купувачите | (519,155) | |
| | Намалување/(Зголемување) на побарувања од државата | 2 | |
| | Намалување/(Зголемување) на побарувања од вработените | (390) | |
| | Намалување/(Зголемување) на останатите краткорочни побарув | (648) | |
| | Намалување/(Зголемување) на АВР | (218,306) | |
| | Зголемување/(Намалување) на обврските кон поврзани друштва | 471 | |
| | Зголемување/(Намалување) на обврските кон добавувачите | 28,974 | |
| | Зголемување/(Намалување) на обврските кон државата | 12,889 | |
| | Зголемување/(Намалување) на обврските кон вработените | (29,575) | |
| | Зголемување/(Намалување) на останатите краткорочни обврски | 9,309 | |
| | Зголемување/(Намалување) на ПВР | 111,874 | |
| | Парични средства кои произлегуваат од работењето | (79,656) | |
| | Платен данок на добивка | (1,643) | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности** | | **(81,299)** |
| **Б** | **Парични текови од инвестициони активности** | | |
| | Купување на недвижности, постројки и опрема | (104,772) | |
| | **Нето парични текови од инвестициони активности** | | **(104,772)** |
| **В** | **Парични текови од финансиски активности** | | |
| | Прилив/(одлив) по основ на долгорочни кредити | 299,017 | |
| | Прилив/(одлив) по основ на краткорочни кредити | (41,620) | |
| | Примени камати | 11,908 | |
| | Платени камати | (23,247) | |
| | **Нето парични текови од финансиски активности** | | **246,058** |
| | **Нето зголемување/(намалување) на паричните средства** | | **59,987** |
| | **Парични средства на почетокот на годината** | | **50,655** |
| | **Парични средства на крајот на годината** | | **110,642** |
| | | | - |

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1. ОПШТО ЗА ДРУШТВОТО

Јавното Претпријатие Македонска Радио Телевизија е основано на 27.01.1998 година. Основач на претпријатието е Собранието на Република Македонија.

Работењето на ЈП МРТ е дефинирано со Законот за радиодифузна дејност („Службен весник на РМ“ број 100/05, 19/07, 103/08, 6/10, 145/10 и 97/2011). Според овој закон ЈП МРТ ги врши функциите на јавен радиодифузен сервис во Република Македонија.

### *ОРГАНИ НА ЈП МРТ*

- **Совет на МРТ**

Советот на Македонската радиотелевизија ги застапува и се грижи за остварување на интересите на јавноста во поглед на радио и телевизиските програми и работењето на МРТ. Советот на МРТ е составен од 23 члена. Членовите на Советот на МРТ ги именува Собранието на Република Македонија на предлог на овластени предлагачи според Член 127 од Законот за радиодифузна дејност.

- **Управен одбор на МРТ**

Управниот одбор е составен од 7 члена избрани од страна на Советот на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс.

- **Работоводен орган на МРТ**

Со работењето на МРТ раководи работоводен орган кој се состои од две лица, подеднакво одговорни за работењето на МРТ и за обврските што ги преземаат во правниот промет. Членовите на работоводниот орган имаат заменици. Членови на работоводниот орган и нивните заменици можат да бидат домашни или странски физички лица кои ќе понудат најквалитетна програма за работа на МРТ.

### *ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈП МРТ*

ЈП МРТ се финансира од радиодифузната такса, од рекламирање, спонзорства, донации, продажба на програма и услуги и од средства обезбедени во Буџетот на Република Македонија за тековната година. Распоредот на средствата обезбедени од радиодифузната такса се прави според Член 149 од Законот за радиодифузна дејност. Според Член 145 од Законот радиодифузната такса е јавна давачка.

## Тековна состојба на правното лице од Единствениот трговски регистар

| | |
|---|---|
| ЕМБС | 4063406 |
| Целосен назив на правното лице | Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје |
| Седиште | Бул. Гоце Делчев ББ Скопје |
| Вид на субјект на упис: | Државна сопственост |
| Датум на основање | 27.01.1998 |
| Единствен даночен број | 4030952254988 |
| Организационен облик | 03.9 – други јавни претпријатија |
| Надлежен регистар | Трговки регистар |

### Основна главнина

| | |
|---|---|
| Вкупно основна главнина МКД | 0,00 |

### Сопственици

| | |
|---|---|
| ЕМБС | 4064682 |
| Име | **СОБРАНИЕ НА РМ** |
| Адреса | Ул. 11-ти Октомври ББ Скопје |
| Тип на сопственик: | Основач /сопственик/ Основач |

### Дејности

| | | |
|---|---|---|
| Претежна дејност | 60.20 | Дејности на телевизиска програма и емитување |
| Евидентирани се дејности во надворешниот промет | | |
| Други дејности: | Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет | |

### Овластувања

| | |
|---|---|
| ЕМБГ | 2705954470009 |
| Име | **Арун Ибраими** |
| Адреса | Ул. 101 Бр.ББ Голема Речица, Тетово |
| Овластувања: | Заменик извршен директор – дипломиран филолог |

| | |
|---|---|
| ЕМБГ | 3001978450099 |
| Име | **Марјан Цветковски** |
| Адреса | Ул. Маршал Тито Бр.53, Скопје, Центар |
| Овластувања: | Извршен директор – дипломиран туризмолог |

## 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Согласно Законот за Јавни Претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10 и 06/2012), Член 7, ЈП МРТ го води своето материјално-финансиско работење според финансиските и сметководствените правила и стандарди за трговските друштва.

МРТ е должна за средствата што ги користи од Буџетот на РМ да води посебно сметководство врз основа на кое до Собранието на РМ треба на одобрување да достави посебен годишен извештај за резултатите од работењето за претходната година, како и посебен годишен финансиски план кој ги вклучува средствата прибрани од радиодифузната такса.

МРТ изготвува и консолидирани финансиски извештаи вклучувајќи ги и трите подружници во целосна сопственост на ЈП МРТ.

Финансиските извештаи се изготвени врз претпоставка на континуитет во работењето, односно Друштвото нема намера и нема причини да го прекине стопанисувањето во блиска иднина.

Финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвувањето на финансиските извештаи за известувачката фискална година се прикажани во понатамошниот текст.

### 3.1 Политика на евидентирање на приходите

ЈП МРТ евидентира приходи од продажба на програма и услуги како и приходи од спонзорства, донации и од радиодифузната такса. Приходите се евидентираат со примена на принцип на фактичност на настаните, односно во моментот на нивното настанување. Приходите од радиодифузната такса се евидентираат на пресметковна основа, односно во моментот на издавање на решенијата за радиодифузна такса на физичките и правните лица во РМ.

### 3.2 Приходи од камати

Каматите настанати по основ на побарувањата од деловните односи и пласмани се искажуваат како приходи од камати.

### 3.3 Камати како расход

Каматите настанати по основ на финансиски обврски, како и по основ на обврски од деловните односи се искажуваат како расходи од камати.

### 3.4 Тековно и инвестиционо одржување

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување на основните средства се надоместуваат од приходот на пресметковниот период кога ќе настанат. Реконструкциите и адаптациите со кои се менува капацитетот или намената на основните средства се книжат како зголемување на вредноста на основните средства.

### 3.5 Основни средства

Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на основните средства се состои од фактурната вредност зголемена за сите трошоци настанати до нивно ставање во употреба.

На основните средства се врши пресметка на амортизација до нивниот потполн отпис.

### 3.6 Амортизација

Амортизацијата на основните средства се пресметува по стапки во согласност со сметководствената политика на ЈП МРТ. Набавната вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба. Стапките што се применуваат за амортизација на основните средства се како што следи:

| група | % |
|---|---|
| Градежни објекти | 2,5% |
| Производна опрема | 10% |
| Патнички моторни возила, возила на моторен погон и приклучни уреди | 25% |
| Компјутерска опрема со софтвер, телекомуникациjска опрема | 25% |
| Мебел, деловен инвентар, опрема за затоплување, вентилација и др.опрема за вршење на канцелариски работи | 20% |
| Останата неспомната опрема | 10% |
| Долгорочни нематеријални средства | 20% |

### 3.7 Залихи

Залихите на материјали и трговски стоки се искажуваат по набавна вредност, заедно со трошоците за нивна набавка.

Ситниот инвентар се отпишува на предлог на пописните комисии по наодите од извршените пописи.

### 3.8 Побарувања по основ на продажба

Побарувањата по основ на продажба ги опфаќаат сите побарувања за испорачаните производи, стоки и услуги. Со одлука од 15-та седница одржана на 27.02.2012 година Управниот одбор на ЈП МРТ го менува правилникот за примена на сметководствени политики. Согласно одлуката, радиодифузната такса се евидентира на пресметковна основа, што значи дека ненаплатената радиодифузна такса (според издадени решенија) се евидентира како побарување по основ на продажба.

### 3.9 Исправка на вредноста на сомнителните и спорни побарувања

Исправката на вредноста на сите побарувања кои се сметаат за ненаплативи се врши врз основа на проценка извршена на крајот од годината.

### 3.10 Парични средства

Паричните средства се состојат од денарска благајна, девизна благајна, парични средства на жиро сметки во деловните банки и девизни средства на девизни сметки.

### 3.11 Пресметка на странските средства за плаќање и курсните разлики

Побарувањата и обврските во странски средства за плаќање се искажуваат во денарска противвредност по средниот официјален курс што го објавува Народната банка на РМ на денот на билансот на состојба. Позитивните и негативните курсни разлики кои настануваат при искажувањето на побарувањата и обврските, како и курсните разлики што настануваат во текот на годината по основ на продажба и набавка на стоки и услуги се искажуваат во билансот на успех како дел од останати оперативни приходи/расходи.

### 3.12 Законски резерви

Законските резерви ги сочинуваат резервите формирани со распределба на дел од нето добивка на претпријатието. Овие резерви можат да бидат употребени за покривање на искажана загуба во работењето.

### 3.13 Данок од добивка

Во согласност со Законот за данок на добивка данокот се плаќа доколку друштвото исплатува дивиденда од остварената добивка. Тековно данокот на добивка се плаќа на износот на непризнаени трошоци. Стапката на данок на добивка за 2012 година во РМ изнесува 10%.

## Белешка 4

*(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи од продажба** | **973,144** | **640,761** |
| *ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА НЕПОВРЗАНИ ДРУШТВА* | | |
| Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата | 4,324 | 4,572 |
| Приходи од продажба на добра (производи, стоки) и услуги во странство | 2,080 | 2,731 |
| Приходи од наемнини | 925 | 822 |
| Останати приходи од продажба на неповрзани друштва | 965,815 | 632,636 |

Приходите од продажба на производи, стоки и услуги на домашен и странски пазар произлегуваат од технички, маркетинг услуги и продажба на права на пренос.

Како приходи од продажба, на контото останати приходи од продажба на производи, стоки, услуги и материјали се води и пресметаната радидифузна такса. Согласно Законот за радиодифузија, на ЈП МРТ му следува 72% од радиодифузната такса за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и 4,5% за техничко технолошки развој.

## Белешка 5

*(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Расходи на продадени добра и услуги** | **-** | **(26)** |
| Расходи врз основа на продадени добра (производи) и услуги | - | (26) |

## Белешка 6

*(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Трошоци на продажба и администрација** | **(821,853)** | **(669,759)** |
| *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР* | | |
| Трошоци за суровини и материјали (за производство) | (13,568) | (8,556) |
| Трошоци за материјали (за администрација, управа и продажба) | (1,665) | (33,559) |
| Трошоци за енергија (за администрација, управа и продажба) | (40,892) | - |
| Трошоци за резервни делови и материјали за одржување (за администрација, управа и продажба) | (24) | (17) |
| Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за администрација, управа и продажба) | (918) | (1,220) |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | | |
| Транспортни услуги | (398) | (18,321) |
| Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | (25,633) | - |
| Услуги за одржување и заштита | (13,386) | (9,342) |
| Наем - лизинг | (7,652) | (1,474) |
| Комунални услуги | (5,219) | - |
| Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми | (3,500) | - |
| Останати услуги | (1,620) | (6,009) |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | | |
| Плата и надоместоци на плата - бруто (за администрација, управа и продажба) | (319,898) | (325,295) |
| Останати трошоци за вработените | (749) | - |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И РЕЗЕРВИРАЊА | | |
| Трошоци за амортизација (за администрација, управа и продажба) | (23,931) | (18,917) |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | | |
| Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | (11,649) | (11,768) |
| Надоместоци на трошоци на вработените и подароци | (4,224) | (1,308) |
| Трошоци за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители | (2,650) | - |
| Трошоци за репрезентација | (842) | (1,112) |
| Трошоци за осигурување | (139) | (1,605) |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | (2,151) | (780) |
| Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | (18,354) | (8,635) |
| Останати трошоци на работењето | (322,791) | (221,841) |

## Белешка 7

*(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Останати приходи** | **423,184** | **611,412** |
| *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ* | | |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврските | 33,890 | 287,912 |
| Приходи од премии, субвенции, дотации и донации | 313,525 | 305,300 |
| Останати приходи од работењето | 75,769 | 18,200 |

Значаен износ во останатите оперативни приходи на ЈП МРТ се приходите од субвенции и дотации во износ од 313.525 илјади денари. Овие приходи се во најголем дел (303.800 илјади денари) дотација од Владата на РМ согласно санационата програма (одлука на Владата број 41-1127/1, број 41-2348/1, број 41-3895/1, 41-6915/1, број 41-6915/1, број 41-9613/1). Износот од 7.969 илјади денари е приход кој настанува во 2012 година од наменските средства добиени од АЕК за набавка на опремата за дигитализација, 300 илјади денари од Министерството за култура, останатите 1.456 илјади денари се приходи по основ на други донации.

Значајниот износ на приходи од отпис на обврски во 2011 година се однесува на отпишаните обврски по камата и главница за кредити од Париски и Лондонски клуб во износ од 154.374 илјади денари. Во 2012 година износот на приходот од отпис на обврски е помал и изнесува 33.890 илјади денари, и се однесува на отпишани обврски од поврзани субјекти во износ од 4.642 илјади денари и отпис на обврски од неповрзани субјекти во износ од 29.228 илјади денари.

## Белешка 7.1

*(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Останати оперативни расходи** | **(382,984)** | **(63,901)** |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | | |
| Загуби врз основа на расходување и загуби од продажба на нематеријални и материјални средства | - | (176) |
| Расходи врз основа на директен отпис на побарувања | (25) | - |
| Казни, пенали, надоместоци за штети и друго | (1,272) | (1,589) |
| Останати расходи од работењето | (32,952) | (26,271) |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | | |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на краткорочни побарувања | (348,153) | (5,787) |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на залихи | (582) | (311) |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на останати средства | - | (29,767) |

Износот на салдото Вредносно усогласување е значајно во 2012 година како резултат на вредносното усогласување на побарувањата по основ на Решенијата за Радиодифузна такса издадени во 2011 година кои не се наплатени во износ од 342.905 илјади денари. Останатиот износ од 5.247 илјади денари е вредносно усогласување на побарувања по други основи.

## Белешка 8

*(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Финансиски приходи** | **11,908** | **19,126** |
| Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва | 872 | 2,964 |
| Приходи врз основа на позитивни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | 11,036 | 16,162 |

## Белешка 8.1

*(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Финансиски расходи** | **(23,247)** | **(23,246)** |
| Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва | (8,591) | (8,481) |
| Расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | (14,656) | (14,765) |

| **2011** | **Лиценци и права** |
|---|---|
| **Набавна вредност** | |
| Состојба на 1.1. | 119 |
| Набавки во текот на годината | - |
| Состојба на 31.12. | **119** |
| **Исправка на вредноста** | |
| Состојба на 1.1. | (119) |
| Амортизација за тековна година | - |
| Отуѓување | - |
| Состојба на 31.12. | **(119)** |
| **Сегашна вредност 31.12.** | **-** |

| **2012** | **Лиценци и права** |
|---|---|
| **Набавна вредност** | |
| Состојба на 1.1. | 119 |
| Набавки во текот на годината | - |
| Состојба на 31.12. | **119** |
| **Исправка на вредноста** | |
| Состојба на 1.1. | (119) |
| Амортизација за тековна година | - |
| Состојба на 31.12. | **(119)** |
| **Сегашна вредност 31.12.** | **-** |

| **2011** | Земјишта | Градежни објекти | Постројки и опрема | Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства | Материјални средства во подготовка | Аванси за набавка на материјални средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | | |
| Состојба на 1.1. | 168,986 | 476,643 | 481,643 | 121,399 | 36,058 | 1,268 | 1,285,997 |
| Набавки во текот на годината | - | 16 | 20,939 | 7,548 | - | (1,268) | 27,235 |
| Отуѓување/Расходување | - | - | (28,344) | (7,844) | - | - | (36,188) |
| Состојба на 31.12. | **168,986** | **476,659** | **474,238** | **121,103** | **36,058** | **-** | **1,277,044** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | | |
| Состојба на 1.1. | | (248,718) | (455,535) | (117,221) | | | (821,474) |
| Амортизација за тековна година | | (11,817) | (4,810) | (2,290) | | | (18,917) |
| Отуѓување/Расходување | | - | 28,168 | 7,844 | | | 36,012 |
| Состојба на 31.12. | | **(260,535)** | **(432,177)** | **(111,667)** | | | **(804,379)** |
| **Сегашна вредност 31.12.** | **168,986** | **216,124** | **42,061** | **9,436** | **36,058** | **-** | **472,665** |

| **2012** | Земјишта | Градежни објекти | Постројки и опрема | Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства | Материјални средства во подготовка | Аванси за набавка на материјални средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | | |
| Состојба на 1.1. | 168,986 | 476,659 | 474,238 | 121,103 | 36,058 | - | 1,277,044 |
| Набавки во текот на годината | - | - | 99,872 | 4,900 | - | - | 104,772 |
| Отуѓување/Расходување | - | - | (50,750) | (7,668) | - | - | (58,418) |
| Рекласификација | | | | | | | - |
| Состојба на 31.12. | **168,986** | **476,659** | **523,360** | **118,335** | **36,058** | **-** | **1,323,398** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | | |
| Состојба на 1.1. | | (260,535) | (432,177) | (111,667) | | | (804,379) |
| Амортизација за тековна година | | (11,809) | (8,582) | (3,539) | | | (23,930) |
| Отуѓување/Расходување | | - | 50,750 | 7,668 | | | 58,418 |
| Рекласификација | | | | | | | - |
| Состојба на 31.12. | | **(272,344)** | **(390,009)** | **(107,538)** | | | **(769,891)** |
| **Сегашна вредност 31.12.** | **168,986** | **204,315** | **133,351** | **10,797** | **36,058** | **-** | **553,507** |

ЈП МРТ во сопственост има неколку објекти од кои најзначајни се објектите на МРТВ на бул. Гоце Делчев во Скопје. Во евиденцијата има повеќе надградби и доградби на основните објекти кои се водат како посебни основни средства. Препорачуваме оваа евиденција да се консолидира.

Градежното земјиште е со вкупна сметководствена вредност од 168.986 илјади денари. Градежното земјиште е во сопственост на РМ додека ЈП МРТ има право на користење на истото. ЈП МРТ е во процес на регулирање на сопственоста на градежното земјиште. По стекнување на право на сопственост, ќе биде потребно да се процени вредноста на земјиштето.

Голем дел од останатите градежни објекти заведени во евиденцијата немаат валиден имотен лист и за нив во моментот се водат постапки за легализација.

Во евиденцијата за основните средства не постои чиста евиденција на точните параметри кои го карактеризираат објектот, односно земјиштето (адреса, градежна парцела, површина, катност и слично).

Евиденцијата на останатите основни средства (опрема, алати, превозни средства, компјутери итн.) се водат според организационата единица на која и припаѓаат, согласно поделбата на организациони единици на јавното претпријатие. Редовниот годишен попис се врши одделно по организационите единици и се консолидира во збирниот извештај на претпријатието.

Според мислење на раководството сметководствената вредност на недвижностите, постројките и опрема е приближна на објективната вредност на истите. Во врска со горе искажаното би било пожелно менаџментот да го потврди своето мислење со ангажирање на професионален проценител (МСС 16 точка 30).

**Белешка 9.4** *(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Долгорочни финансиски средства** | **1,009** | **1,009** |
| Вложувања во подружница | 930 | 930 |
| Останати долгорочни финансиски средства | 79 | 79 |

**Белешка 10.1** *(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Залихи** | **7,606** | **5,113** |
| ЗАЛИХА НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | | |
| Суровини и материјали на залиха | 8,221 | 7,801 |
| Вредносно усогласување на залихите на суровини и материјали | (4,434) | (4,434) |
| ЗАЛИХА НА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ | | |
| Залиха на резервни делови | 529 | 546 |
| Вредносно усогласување на залихата на резервни делови | (445) | (445) |
| ЗАЛИХА НА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ | | |
| Ситен инвентар на залиха | 615 | 866 |
| Ситен инвентар во употреба | 9,065 | 8,942 |
| Залиха на автогуми | 263 | 126 |
| Автогуми во употреба | 520 | 221 |
| Вредносно усогласување на залихи на ситен инвентар, амбалажа и автогуми | (9,643) | (9,220) |
| ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ | | |
| Производи на залиха | 4,783 | 4,783 |
| Залихи на некурентни производи и отпадоци | (24) | (24) |
| Вредносно усогласување на залихите на готовите производи | (4,230) | (4,230) |
| СТОКИ | | |
| Стоки на залиха | 2,386 | 181 |

Најголем дел од залихите се однесуваат на технички материјали потребни за вршење на радиодифузна дејност (делови за радио и телевизиска техника, медиуми за снимање и слично).

**Белешка 10.3** *(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Побарувања од поврзани друштва** | **6,261** | **3,825** |
| Побарувања од поврзани друштва врз основа на продажба на добра и услуги во земјата | 5,267 | 3,825 |
| Побарувања од поврзани друштва за аванси, депозити и кауции во земјата | 994 | - |

Зголемени се побарувањата од поврзано друштво Аргус Дооел за плати исплатени од МРТ за сметка на Аргус Дооел Скопје.

**Белешка 10.4**

| | 2012 | 2011 |
| --- | --- | --- |
| | *(во илјади денари)* | |
| **Побарувања од купувачите** | **607,983** | **436,981** |
| Побарувања од купувачи во земјата | 949,679 | 443,993 |
| Побарувања од купувачи во странство | 47,099 | 50,777 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции во земјата | 4,870 | 3,409 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции во странство | 16,209 | - |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи | (409,874) | (61,198) |

Најзначаен дел од побарувањата се однесува на побарувањата од радиодифузна такса во износ од 826.806 илјади денари. Постои ризик за отпис на дел од овие побарувања. Овие отписи ќе се одразат на идното работење на ЈП МРТ како директен трошок и согласно законот за данокот на добивка и како основа за пресметка на 10% данок на непризнаени трошоци.

**Белешка 10.5**

| | 2012 | 2011 |
| --- | --- | --- |
| | *(во илјади денари)* | |
| **Обврски / побарувања кон државата** | **(49,513)** | **(140)** |
| Обврски кон државата | **(49,856)** | **(1,867)** |
| Обврски за данокот на додадена вредност | (5,672) | (94) |
| Обврски за данок на добивка, данок на вкупен приход и данок на приход платен на странско правно лице (задржан данок) | (35,242) | (142) |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата | (8,541) | - |
| Обврски за персонален данок на доход | (401) | - |
| Обврски за останати даноци, придонеси и други давачки | - | (1,631) |
| Побарувања од државата | **343** | **1,727** |
| Данок на додадена вредност | 105 | 107 |
| Побарувања за повеќе платен данок на добивка, данок на вкупен приход и данок на приход платен на странско правно лице (задржан данок) | 238 | 1,620 |

Обврската за данок на добивка е значително зголемена како резултат на големата основица за пресметување на данокот на добивка, односно значајните суми на вредносно усогласување на побарувањата по основ на ненаплатени Решенија од РДТ кои претставуваат основица за пресметување на данок.

**Белешка 10.6** *(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Побарувања од вработените** | **5,038** | **4,648** |
| Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 3,142 | 2,645 |
| Останати побарувања од вработените | 6,487 | 10,161 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од вработените | (4,591) | (8,158) |

**Белешка 10.7** *(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Останати краткорочни побарувања** | **648** | **-** |
| Останати побарувања | 4,215 | - |
| Вредносно усогласување на останати побарувања | (3,567) | - |

**Белешка 10.9** *(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Парични средства** | **110,642** | **50,655** |
| Парични средства на трансакциски сметки во денари | 104,724 | 49,023 |
| Парични средства во благајна | 868 | 880 |
| Девизни сметки | 4,907 | 684 |
| Парични средства во благајна во странска валута | 12 | 12 |
| Останати парични средства | 131 | 56 |

**Белешка 10.10** *(во илјади денари)*

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Однапред платени трошоци** | **258,059** | **39,753** |
| Однапред платени трошоци | 113,915 | 16 |
| Пресметани приходи што не можеле да бидат фактурирани | 127,346 | - |
| Останати однапред платени трошоци и пресметани приходи | 16,798 | 39,737 |

Износот од 127.346 илјади денари пресметани приходи што не можеле да бидат фактурирани, се приходи по основ на неиздадени Решенија на физички лица за ноември и декември 2012 согласно известување од УЈП за износот на решенијата.

Однапред пресметани трошоци во износ од 113.915 илјади денари се трошоци за камата по долгорочни кредити (Комерцијална банка и Аеродроми на Македонија) за кои трошокот ќе се создава во периодот за кој се однесува.

## Белешка 11.2

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| | *(во илјади денари)* | |
| **Долгорочни обврски** | **(527,075)** | **(73,683)** |
| Долгорочни обврски спрема добавувачи во земјата | (17,579) | - |
| Долгорочни обврски спрема добавувачи од странство | (77,760) | - |
| Долгорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и странство | (376,331) | - |
| Останати долгорочни обврски и останати финансиски долгорочни обврски | (55,405) | (73,683) |

Долгорочни обврски спрема добавувачи во земјата во износ од 17.579 илјади денари се обврски спрема ЕВН Македонија и ЕЛЕМ со кои се склучени спогодби за плаќање на рати.

Долгорочни обврски спрема добавувачи од странство во износ од 77.760 илјади денари се обврски по кредити од Париски и Лондонски клуб. Овие обврски во 2011 година беа отпишани, а во 2012 година Министерството за финансии повторно ја задолжува ЈП МРТ и тие се враќаат во евиденција. За тоа е корегирана и добивката за 2011 година.

Значајниот износ на зголемени Долгорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и странство се однесуваат на следните настани:

- Земен кредит од Комерцијална банка на 28.12.2012 во износ од 60.000 илјади денари.
- Потпишан е договор за регулирање на финансиските обврски на МРТ спрема Аеродроми на Македонија согласно Пресуда бр.5 ТС-121/10 од 25.11.2011 година. Вкупниот долг на МРТ е во износ од 159.094.520 денари на кои е пресметана камата 99.310.946 денари**.**
- На долгорочни обврски по кредити е евидентирана и каматата по двата кредити која е за исплата по една година во вкупен износ од 108.709 илјади денари.

## Белешка 12.1

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| | *(во илјади денари)* | |
| **Обврски кон поврзани друштва** | **(614)** | **(144)** |
| Обврски од поврзани друштва врз основа на набавка на добра и у | (614) | (144) |

## Белешка 12.2

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| | *(во илјади денари)* | |
| **Обврски кон добавувачите** | **(430,678)** | **(435,594)** |
| Обврски спрема добавувачи во земјата | (252,714) | (176,363) |
| Обврски спрема добавувачи од странство | (177,866) | (248,048) |
| Обврски за примени аванси, депозити и кауции во земјата | (25) | - |
| Обврски за примени аванси, депозити и кауции од странство | (73) | (11,183) |

**Белешка 12.3**

| *(во илјади денари)* | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Обврски кон вработените** | **(17,912)** | **(47,487)** |
| Обврски за плата и надоместоци на плата | (17,940) | (26,722) |
| Останати обврски спрема вработените | 28 | (20,765) |

**Белешка 12.4**

| *(во илјади денари)* | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Останати краткорочни обврски** | **(9,309)** | **-** |
| Обврски за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители | (158) | - |
| Обврски спрема вршители на дејност и други физички лица | (8,996) | - |
| Останати краткорочни обврски | (155) | - |

**Белешка 12.5**

| *(во илјади денари)* | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Краткорочни финансиски обврски** | **(117,474)** | **(159,094)** |
| Краткорочни кредити и заеми во земјата | (6,050) | (159,094) |
| Краткорочни кредити и заеми од странство | (111,424) | - |

Значајното намалување на салдото Краткорочни кредити се однесува на потпишаниот договор со Аеродроми Македонија со кој долгот е префрлен на долгорочни обврски по кредити.

Износот од 111.424 илјади денари Краткорочни кредити и заеми од странство е камата од кредит за Париски и Лондонски клуб, за кои обврската во 2011 беше отпишана, како што веќе напоменавме.

**Белешка 12.6**

| *(во илјади денари)* | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Однапред пресметани обврски** | **(129,664)** | **(17,790)** |
| Пресметани трошоци за набавка на добра | (10,195) | (11,576) |
| Пресметани приходи за идни периоди | (119,469) | (6,214) |

Согласно потпишан договор помеѓу МРТ и Агенцијата за електронски комуникации Скопје, Агенцијата и префрлила 121.924 илјади денари на МРТ, наменски средства за дигитализација на ЈП МРТ според Проект бр.03-2010/5.

# Белешка 17

## Преглед на тужени предмети

**МРТВ е тужител**

| | Тужен | Мислење | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | **СДСМ** | Судската постапка е во тек. | 11.000 илјади денари |
| 2. | **Еуротрејд** | Судската постапка е во тек. Се чека извештај од вештачење. | 3.526 илјади денари |
| 3. | **Синерџис** | Судската постапка е во тек. | 3.968 илјади денари |
| 4. | **ЕИНСОФТ** | Судската постапка е во тек. | 2.744 илјади денари |
| 5. | **ДИРЕКТ МЕДИА** | Предметот е во фаза на главна расправа | 436 илјади денари |
| 6. | **ТАРБС** | Судската постапка е во тек. Предметот е заради поголеми трошоци на изработка. | 2.630 илјади денари |

**МРТВ е тужена страна**

| | Тужител | Мислење | |
|---|---|---|---|
| 1. | **ТАРБС** | | 98 милиони денари |
| 2 | **ТСЕ** | Судот ги изведе сите докази и главната расправа е завршена | 48.053 илјади денари |
| 3 | **Македонска Пошта** | Предметот е во фаза на главна расправа | 6.300 илјади денари |
| 4 | **Мармакс Груп** | Предметот е во фаза на главна расправа | 1.008 илјади денари |

ЈП МРТ е тужител и тужена страна во повеќе предмети. Во приложената табела се дадени најзначајните предмети за кои постои делумна евиденција во сметководството. Постои ризик овие предмети да влијаат на работењето на ЈП МРТ во идниот период.